Бр./Nr 12-1028/4

________ г./v.
10 -06- 2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 49-та седница, продолжение одржано на ден 08.06.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 12-2237 од 2020 година, оформен по пријава број 12-2237/1 од 15.06.2020 година, доставена од подносителот ----- ------ ------- ДОО --------, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2237 од 2020 година, за предметниот случај е постапено и се води постапка пред друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2237 од 2020 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2237 од 2020 година е оформен по пријава број 12-2237/1 од 15.06.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ----- ------ ------- ДОО -------- .

Во доставената пријава изнесени се наводи за незаконитости во постапката и начинот на издавањето на дозволи за управување со пакување и отпад од пакување од страна на органите во Министерството за животна средина и просторно планирање и сомневање за селективно издавање на дозволи за управување со пакување и отпад од пакување а со што се нанесувало штета на правните субјекти носители на дејноста.

При разгледувањето на предметниот случај ДКСК ги зема во предвид сите наводи на подносителот и заради утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај ДКСК достави барања за податоци и информации до надлежни органи и институции. По барањата на Државната комисија доставени се известувања со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба :

- Во конкретниот случај станува збор за наводи за сомневање дека Секторите во Министерството за животна средина и просторно планирање, надлежно за издавање на дозволи за управување со пакување и отпад од пакување, имале различни начини при водењето на исти постапки, што несомнено го

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

доведувало во прашање начинот и постапките за одлучување и селективно издавање на дозволи за управување со пакување и отпад од пакување.

Подносителот на оваа пријава, правното лице ----- ------ ------- ДОО --------, на 06.04.2017 година до Министерство за животна средина и просторно планирање, поднел Барање за добивање на дозвола за постапување со отпад од пакување, во согласност со член 21 став 1 од Законот за пакување и отпад од пакување, по кое првостепениот орган се изјаснил негативно и со решение го одбил неговото барање заведено под бр.УПl-11/2-508/2017., а образложението, според подносителот, се темелело на неисполнување на количини од програма која воопшто и не била донесена од стана на Министерството и на тоа што правното лице и претходно ја вршело истата дејност, при тоа не водејќи сметка дека законот не препознавал продолжување на дозволата, туку како што било наведено во самиот член поднесување на барање за добивање на дозвола. Подносителот се сомнева во законитоста на донесеното Решение, поради тоа што смета дека при донесувањето на решението министерството се повикувало на одредба од Законот за управување со пакување и отпад, со која се нанесувало штета на правните субјекти носители на дејноста или договорни страни и со неуставни и незаконски акти, каде се повикува на програма која немала правна сила и се однесувала на период кој е изминат подолго време.

Незадоволен од постапувањето на Министерството, од страна на правното лице ----- ------ ------- ДОО --------, биле преземени неколку активности и тоа: Согласно правната поука, поднел жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен преку Адвокат Ангела Соколова на 15.06.2017 заведено под бр.03-78/1, ( по која било постапено и било донесено решение на 25.09.2017 година), потоа доставил претставка до Управен инспекторат за вонреден инспекциски надзор во министерството и Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен од 15.02.2018 година (кој постапил и ја запрел постапката бидејќи констатирал дека од страна на министерството било постапени во повторена постапка и донел управен акт). Воедно, за случајот биле доставени кривична пријава поднесена до Финансиска полиција 07.03.2018 и Кривична пријава поднесена до ОЈО Кочани 08.01.2019 година. До денот на поднесувањето на пријавата до ДКСК, подносителот немал информација по поднесените кривични пријави, а во меѓувреме од страна на Министерството биле издадени ваков вид на дозволи на други правни лица, со што му била направена директна штета нему како правен субјект а и на Буџетот на РСМ и бара ДКСК да постапи во предметниот случај и да ги повика на одговорност државните службеници од предметното министерство по однос на нивниот професионален пристап во решавањето на предметите на сите правни лица.

-По барање на ДКСК, на ден 05.10.2020 година доставено е известување од страна на Основното јавно обвинителство Кочани со кое се известува дека во ова јавно обвинителство била поднесена кривична пријава од страна на правното лице ----- ------ ------- ДОО --------, против НН сторители на ден 08.01.2019 година, по која бил оформен предмет ------------ и кој предмет со списите во него на ден 15.01.2019 година бил пратен на надлежно постапување во Основно јавно обвинителство Скопје.

-На ден 11.03.2021 година, по барање на ДКСК, доставено е известување од страна на Управата за финансиска полиција со кое се известува дека од страна на правниот субјект ----- ------ ------- ДОО --------, до Управата била доставена е кривична пријава заведена под број --------- од 09.03.2018 година против НН лица вработени во Министерството за животна средина и просторно планирање за што од нивна

страна бил оформен е предмет, биле извршени проверки по наведените укажувања, била обезбедена документација од правното лице ----- ------ ------- ДОО -------- и од анализа на истата од нивна страна не биле утврдени елементи на кривично дело од надлежност на Управата за финансиска полиција.

Во Известувањето со нивен број 16-691/1 од 05.03.2021 година, е наведено следното: Од страна на Управата за финансиска полиција биле извршени проверки и била одземена документација од Министерство за животна средина и просторно планирање во врска со Барање за продолжување на Дозвола за колективно постапување со пакување и отпад од пакување заведена во Министерството под број --------------- поднесено од правниот субјект ----- ------ ------- ДОО --------, при што во прилог од страна на Министерството до Управата за финансиска полиција доставена била документација во врска со предметното барање. Од анализата на одземената документација утврдено било дека согласно постапката за издавање на Решение за дозвола за колективен постапувач ја води органот за стручни работи од областа на животната средина (Управата за животна средина), односно, Секторот за управување со отпад. Подносителот на барањето доколку првпат се јавува на пазарот како колективен постапувач со отпад од пакување потребно било да приложи доказ дека во моментот на поднесувањето на барањето има склучено договори за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со производители кои заедно пуштаат на пазарот или увезуваат во државата најмалку 5% од примарното, секундарната и терцијалното пакување на годишно ниво и начинот на кој планира во рок од една година од денот на добивањето на дозволата да го исполни условот од став 1 на член 21 од Законот за постапување со пакување и отпад од пакување. Ако барањето се однесувало за продолжување на дозволата како во случајот со ----- ------ ------- ДОО --------, тогаш требало да се потврди дека колективниот постапувач има најмалку 15%, но не повеќе од 51% од целокупната годишна количина пуштена на пазарот во претходната година од примарното, секундарната и терцијалното пакување во текот на таа една година. Бидејќи овие услови не биле исполнети од страна на ----- ------ ------- ДОО -------- -, и истите се одбивани, не им била издадена Дозвола за постапување со пакување и отпад од пакување на ------ ------ ------- ДОО --------, согласно Решение за одбивање на барањето за дозвола за постапување со отпад од пакување број ----------------.

Од страна на ----- ------ ------- ДОО --------, поднесена била жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен број ----------од 15.06.2017 година, за што од Државната комисија било донесено Решение број --------- од 19.09.2017 година за уважување на жалбата и враќање на повторно одлучување. Согласно истото било постапено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и издадено било Мислење за одбивање на барањето за дозвола за постапување со отпад од пакување на ----- ------ ------- ДОО --------, за што од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање издадено било Решение број -------- ----------- од 22.02.2018 година за одбивање на барањето за дозвола за постапување со отпад од пакување за правниот субјект ----- ------ ------- ДОО --------, . Од страна на ----- ------ ------- ДОО --------, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен поднесена е жалба во врска со одлуката број ------------ од 22.02.2018 година, а од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на ден 01.06.2018 година донесено било Решение ----------- за одбивање на поднесената жалба како неоснована.

Подносителот на барањата ----- ------ ------- поднел и барање за постапка за оценување на уставноста на член 5 точка 13 алинеја 7 и член 21 став 2 точка 3 од Законот за управување со отпад и отпад од пакување до Уставниот Суд за што на ден 09.08.2018 година донесено било Решение за неповедување на постапка и отфрлање на поднесеното барање.

На крајот од Известувањето, наведено е дека од обезбедената документација и анализата на истата од страна на Управата не се утврдени елементи на кривично дело од надлежност на Управата за финансиска полиција.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај од страна на подносителот на пријавата биле поднесени пријави/барања и до други органи кои се надлежни да постапуваат од областа и кои постапиле по неговите писмена, преземале активности согласно своите законски надлежности и донеле соодветни акти од своето постапување, а воедно за предметниот случај по кривична пријава поднесена од подносителот на пријавата се води постапка пред ОЈО Скопје по барање за надлежно постапување од ОЈО Кочани, а исто така по кривичната пријава поднесена до Управата за финансиска полиција било постапено и при надлежното постапување на Управата, од обезбедената документација за предметниот случај и анализата на истата, не биле утврдени елементи на кривично дело од нејзина надлежност. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира и истиот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до :

- Архива
- Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : м-р Ш.С, Член на ДКСК